# ПРОГРАМА
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2022 ГОДИНА

Програмата за остварување социјална и детска заштита и заштита и спасување на граѓаните во Општина Аеродром за 2022 година има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната и детската заштита и прецизирање на мерките и активностите кои општината ќе ги реализира во 2022 година од областа на социјалната, детската заштита и заштита и спасување на граѓаните.

Со програмата се врши усогласување на социјалната и детската заштита која општината ја дава согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, а во рамки на можностите утврдени во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, согласно потребите на граѓаните во социјален ризик и потребите на најмладата популација од подрачјето на Општина Аеродром. Исто така, согласно законски утврдените надлежности, а во рамки на можностите утврдени во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, Општина Аеродром ќе реализира активности кои се во интерес на граѓаните на Општина Аеродром во остварување на нивните права и обврски, како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Програмата предвидува соработка со надлежното Министерство за труд и социјална политика, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на Град Скопје, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Општинскиот противпожарен сојуз Аеродром, Црвен крст на Град Скопје, Град Скопје и општините во Град Скопје, граѓанскиот и приватниот сектор, меѓународни и невладините организации, како и други релевантни институции.

Оваа програма ќе се спроведува во 2022 година преку реализација на следните мерки и активности:

## I. Еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром

### 1. Цел

Основна цел на оваа активност е преку доделување на еднократната парична помош, да се придонесе за олеснување на трошоците на семејствата со новороденче на подрачјето на општината, што резултира со подигнување на јавната свест кај населението за значењето на семејството и благодетот од повеќедетното семејство и зголемување на бројот на новороденчињата на ниво на Општина Аеродром и Град Скопје.

### 2. Корисници

Корисници на еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром, се претставниците на семејствата кои добиле новороденче односно посвоиле дете до една година во 2022 година и се жители на Општина Аеродром.

### 3. Мерки

Оваа активност ќе се реализира согласно Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром во 2022 година. Висината на еднократниот паричен надоместок, за семејството со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром изнесува 8.000,00 денари, а средствата ќе се исплатуваат на трансакциска сметка на име на еден од родителите на новороденчето, која се доставува во прилог на барањето (образец).

- <u>поднесување на барање</u>